Овој леток е дел од серијата напишана од медицински сестри, лекари и експерти со искуство во негата за стари лица. Серијата има за цел да го олесни вашиот пат до сместување во дом за нега на стари лица. Побарајте други летоци со прашања што треба да ги поставите за специфични потреби за нега. Овие може да се преземат на: **www.10questions.org.au**

Овие летоци може да ви бидат корисни:

- Во потрага по висококвалитетна установа за нега на стари лица
- При разгледување на квалитетот на вашата сегашна установа за нега на стари лица
- При донесување на одлука помеѓу две установи за нега на стари лица кои изгледаат слично.

Важно е да има доволно регистрирани медицински сестри во комбинацијата на вештини на персоналот за да ги задоволат потребите на сите. Треба да поставувате прашања за тоа како ќе се задоволат вашите индивидуални потреби за нега.

Многу вработени носат слични униформи. Само затоа што некој изгледа како медицинска сестра не значи дека е. Еве ги разликите:

**Регистрирана медицинска сестра (registered nurse - RN)** има завршено минимум три години високо образование за диплома за медицински сестри. Тие можат да пружат нега, да ракуваат со лекови против болки и да помогнат да се спречат непотребните приеми во болница.

**Заведена медицинска сестра (enrolled nurse - EN)** работи под раководство на регистрирана медицинска сестра (RN). И двете се регистрирани од регулаторно тело. Регистрацијата обезбедува одржување на професионалните стандарди и ја штити јавноста.

**Асистентите за медицинска нега (Assistants in Nursing - AINs) / работниците за нега (Care Workers) / вработените во Службата за нега (Care Service Employees - CSE)** работат под надзор и раководство на медицински сестри и обезбедуваат најголем дел од негата во установите за нега на стари лица и во заедницата. Нивното ниво на обука и улоги се разликуваат.

Февруари 2023

# ВАШЕ ПРАВО Е ДА ПРАШАТЕ

Најдобар начин да најдете установа за нега на стари лица што ви одговара е да посетите неколку.

За да ги најдете вашите локални установи или за повеќе информации за услугите за нега на стари лица, контактирајте

**My Aged Care**
**1800 200 422**
**myagedcare.gov.au**

Овој леток е составен и одобрен од:

NSW Nurses & Midwives' Association · asmof · MCCI · NSW Rural Doctors Network · CPSA · Cancer Council NSW · Palliative Care New South Wales · Palliative Aged Care Network NSW · Health Consumers NSW · Australian Nursing & Midwifery Federation · QACAG · OWN · CWA · WEL

За целосна листа на организации за поддршка, посетете ја веб-страницата **www.10questions.org.au**

Ако нешто ве загрижува во врска со некоја установа за нега на стари лица, контактирајте:

1800 951 822

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

**www.agedcarequality.gov.au**

# 10 Прашања да поставите

## ЗА ПЕРСОНАЛОТ ВО УСТАНОВИТЕ ЗА НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА

## (STAFFING - MACEDONIAN)

NSW Nurses & Midwives' Association

**www.10questions.org.au**

## 1 Дали има раководител за медицинска нега (Director of Nursing)?

Раководител за медицинска нега (како и да е насловен) е регистрирана медицинска сестра (RN) која управува со клиничката нега во домот. Општ раководител, кој во исто време не е медицинска сестра, не значи дека има вештини и стручност да управува со клинички тим и да ги процени сложените здравствени потреби на жителите.

## 2 Дали во секое време има вработени регистрирани медицински сестри (RN) во установата?

Повеќето луѓе на кои им е потребна нега за стари лица во домот имаат големи потреби за нега. Според законот, треба секогаш да има барем една регистрирана медицинска сестра во установата, освен ако не постои одобрено изземање.

## 3 Дали моментално имате одобрено изземање од барањето да обезбедите барем една регистрирана медицинска сестра во установата во секое време?

Законот дозволува некои места да аплицираат за изземање од барањето да имаат регистрирана медицинска сестра во установата. Постојат одредени услови, вклучително и временско ограничување, кои мора да се почитуваат. Важно е да знаете дали постои изземање, бидејќи тоа може да значи дека нема да имате пристап до нега од медицинска сестра 24 часа на ден, 7 дена во неделата. Ако постои изземање, треба да прашате зошто и колку долго ќе важи.

## 4 Колку медицински сестри се вработени во секоја смена?

Треба да знаете колку регистрирани медицински сестри (RN), заведени медицински сестри (EN) и асистенти за медицинска нега (AINs) се вработени во секоја смена, вклучувајќи преку ноќ и во викенди. Истражувањата покажуваат дека здравствените резултати се подобруваат, а хоспитализацијата се намалува кога се достапни поголем број на регистрирани медицински сестри (RN), за надгледување и испорака на нега.

## 5 Дали заведени медицински сестри (EN) се вклучени во вашата комбинација на вештини на персоналот?

Заведените медицински сестри (EN) им помагаат на регистрираните медицински сестри во давањето нега. Тие се лиценцирани здравствени работници кои работат под надзор на регистрираните медицински сестри. Само регистрирани медицински сестри (RN) и заведени медицински сестри (EN) можат да обезбедат нега од медицинска сестра.

## 6 Која е вашата севкупна оценка со ѕвезди за персонал?

Секое место добива оценка со ѕвезди од федералната влада, од една до пет ѕвезди^ што зема предвид колку минути директна нега обезбедува персоналот на секој станар. Со севкупна оценка од три ѕвезди се претпоставува дека домот е задоволителен, но не мора да значи дека се задоволуваат барањата за минимален број на минути на директна нега. Идеално, треба да изберете место кое постојано добива оценка со четири или пет ѕвезди и секогаш да ја проверувате компонентата за персонал во оценката.

## 7 Дали моите лекови ќе ги дава медицинска сестра?

Регистрирана медицинска сестра (RN), или заведена медицинска сестра (EN) која работи под надзор на RN, се најсоодветните членови на персоналот за управување и давање на лекови поради нивното ниво на обука. Асистентите за медицинска нега (AIN) може да ви помогнат самостојно да ги земате вашите лекови доколку е оценето дека безбедно можете да го направите ова. Некои места им дозволуваат на асистентите за медицинска нега да раководат и да даваат лекови, вклучително и опасните лекови кои предизвикуваат зависност, што е спротивно на упатствата за најдобри практики поставени од владата*, па затоа е важно да се провери.

*https://www.health.gov.au/resources/publications/guiding-principles-for-medication-management-in-residential-aged-care-facilities?language=en

## 8 Колку минимална обука имаат асистентите за медицинска нега/работниците за нега/вработените во службата за нега и дали обезбедуваат само директна нега?

Асистентите за медицинска нега (вработени во службата за нега / работници за нега) обезбедуваат најголем дел од директната нега за станарите. Некои места користат асистенти за медицинска нега за извршување на дополнителни работи како на што е одржување на домот (понекогаш наречени домаќини), но важно е тие да се фокусираат на директната нега. Секогаш споредете го ова во однос на минутите за директна нега пријавени во оценката со ѕвездички (делот за персонал) за да проверите дали средствата доделени за директна нега се користат за да се обезбеди директна нега. Нивното ниво на обука го одредува управувачот на домот, затоа проверете каква основна обука добиваат.

## 9 Дали за мене секој ден ќе се грижи истиот персонал?

Важно е персоналот да ги запознае вашите индивидуални потреби и работите што ги претпочитате и да добивате континуитет на нега. Честа промена на персоналот може да укажува на проблеми и дека персоналот е незадоволен, затоа проверете колку долго постоечкиот персонал работи таму и дали има честа промена на персоналот.

## 10 Дали има планови за промена на распоредот за персонал во иднина?

Сегашните распореди за персонал можеби нема да бидат исти во иднина. Прашајте дали има планови за намалување или зголемување на персоналот. Погрижете се вашиот договор да го специфицира нивото на персонал што ќе биде обезбедено и дали тоа ги задоволува вашите потреби.

^https://www.health.gov.au/our-work/star-ratings-for-residential-aged-care